

# Мерење маса

# Разгледај ги сликите и процени ја масата.





Што ќе ни помогне да ја измери масата на бананите?

Што мислиш, на која слика бананите имаат поголема маса?

**За да ја измериме масата на предметите, потребно е да користиме вага или терезија.**

# Постојат различни видови на ваги.
















obrazovanie.literatura.mk

Основна единица мерка за мерење маса е килограм.

Кратенка за килограм е kg.

Примери на производи кои се мерат во килограми:









Единица мерка која е за 1000 пати помала од килограм е грам (g).

Во 1 килограм има 1000 грама

или

$$1\ kg = 1000\ g$$



Грамот се обележува со g.



Подреди ги производите од најлесен до најтежок. Користи вага.









